Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 25 јули 2023 година**

**Скопје, јули 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 јули 2023 година**

Седницата започна во 13:45 часот.

На седницата претседаваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, Викторија Аврамовска-Мадиќ, заменик на министерот за правда, Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Анита Петровска, нотар.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**-** Усвојување на Записникот од 163-та, 166-та, 167-та, 169-та, 170-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јуни 2023 година, 11, 12 и 18 јули 2023 година

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 3-Право на основање и слобода на давање на услуги од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози

- Информација за задржување и мотивирање на вработените во ИПА структурите надлежни за спроведување на ИПА 3 Секторските оперативни програми

- Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2023 година-31 декември 2023 година

- Агенда за дигитална трансформација

1. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука

2. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист бр.270, КП 785, дел 15, КО Радња), со дополнување

3. Информација за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.102842), со Предлог-одлука

4. Информација за оправданост на барањето за согласност за вработување на неопределено време во Јавната установа Национален парк Шар Планина-Тетово, Република Северна Македонија

5. Информација за оправданост на Барањето на согласност за привремени вработувања и Барањето на согласност за ангажмани по договори на дело во Јавната установа-Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија

6. Информација за потребни финансиски средства за нормално функционирање на целокупниот железнички систем во земјата

7. Информација за износ на побарувања на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, каде како должници се јавуваат, општини, акционерски друштва во државна сопственост, јавни институции, јавни претпријатија

8. Предлог-одлука за продажба на деловни простории во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

9. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Здружението за поттикнување на локален и рурален развој Ума Сто, с.Умин дол, Куманово

10. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*)

11. Информација во врска со одземањето на Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за трговија и услуги „Про-Бетинг“ ДОО Скопје, со Предлог-одлука и дополнување

12. Информација за донесување на Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, со Предлог-одлука

13. Информација за Проектот „Енергетски решенија за подобрување на оперативните трошоци и функционирањето на пречистителните станици за третман на отпадни води (ПСОВ) во Северна Македонија“

14. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на објект-Школо и Црква во с.Градец, КО Градец, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

15. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Лукар 5 со приклучок на дистрибутивна енергетска мрежа КО Ваташа, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

16. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на населбите Просарци, Камењарци и Мачорци, с.Луке-секундарна мрежа, крак 1, 2, 21, 23, 3, 31, 32 и 33, КО Луке, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука

17. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Тина Несторовска, ул. „Никола Карев“ бр.27, Росоман, со Предлог-одлука

18. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен Камен“, с. Беловодица, Општина Прилеп 6/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/23), со Предлог-одлука

19. Информација во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2022 година за аеродромот „Св. Апостол Павле“-Охрид

20. Извештај за извршените преговори во врска со Договорот за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд од страна на државата и Меморандум за разбирање помеѓу Зелениот климатски фонд и државата за можноста за одржување на Регионална конференција со Зелениот климатски фонд и земјите од Источна Европа и Централна Азија во Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум и Договор

21.Информација во врска со склучување на Меморандум за разбирање помеѓу ЕИТ Мануфактуринг, заедница за знаење и иновација, при Европскиот институт за иновација и технологија (ЕИТ КИЦ) и Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум

22. Предлог-одлука за склучување на анекс на договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата

23. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за трговија, производство и услуги Јовчеви 2019 ДООЕЛ увоз-извоз Делчево на локалитетот „Дуните", Општина Делчево

24. Информација за потребата од измена на Договорот склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Aselsan Electronik Sanayi Ve Ticaret A.Ş. во врска со набавката на системи за команда и контрола на огнената поддршка и придружни услуги, со Предлог-текст на Анекс бр.1.

25. Информација за именување на нов шеф на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО-(Група на држави против корупција) на Совет на Европа, со предлог-решенија

26. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Доцевска-Божиновска против Северна Македонија А.бр. 25190/18, со Предлог-одлука

27. Информација за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Цанева А.бр.27875/16 и 25 други против Северна Македонија, со Предлог-одлука

28. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Магделиниќ против Република Северна Македонија и четири други апликации А.бр.13208/20, 54208/20, 54414/20, 55865/20 и 9786/21

29. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Ицковска А.бр.56022/21 и пет други апликации против Северна Македонија, со прилози

30. Информација за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Димковиќ против Република Северна Македонија А. бр. 35420/19

31. Информација за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Јакимовски и Кари превоз против Северна Македонија А.бр. 51599/11, донесена по барањето на Владата за ревизија на пресудата на ЕСЧП донесена во истиот предмет од страна на ЕСЧП на 14 ноември 2019 година

32. Информација за следење на имплементацијата на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025)

33. Предлог-одлука за давање на привремна заштита во Република Северна Македонија на лица од Украина

34. Предлог-одлука за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје

35. Предлог на закон за образование на возрасните

36. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита-домови за стари лица за 2024 година

37. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2023 година

38. Предлог-програма за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023-2026)

39. Информација за Календарот за организација на учебната 2023/2024 година во основните училишта и јавните средни училишта

40. Предлог-одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во академската 2023/2024 година, со прилози

41. Предлог-одлука за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Државниот универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид во академската 2023/2024 година, со прилози

42. Предлог на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка (поднесен од група на пратеници)

43. Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, поднесен од пратеникот Моника Зајкова

44. Барање за давање на автентично толкување на член 27 став (1) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/22), поднесено од пратеникот Лолита Ристова

45. Годишен извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2022 година и финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2022 година, со Извештај на независен ревизор

46. Барање за давање автентично толкување на член 15 став (2), член 16 став (4), член 66 став (1) алинеја 1, член 67 став (1) алинеја 1, член 68 став (1) алинеја 1, член 69 став (1) алинеја 1, член 70 став (1) алинеи 1 и 2, член 70 ставови (2) и (3), член 71 став (1) алинеја 2, член 72 став (1) алинеја 1, член 73 став (1) алинеја 1, член 83 став (1) алинеја 1, член 86 став (1) алинеја 1, член 88 став (1) алинеја 1 и член 90 став (1) алинеја 2, од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) поднесено од градоначалниците на Општина Радовиш, Општина Крива Паланка и Општина Ѓорче Петров

47. Финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2022 година, со Извештај на независниот ревизор

48. Иницијатива од Петар Баришиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.74/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 343 став 3 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15)

49. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.147942 за КО Охрид 4 на КП бр.6383/5, КП бр.6384/1, КП бр.6384/2, КП бр. 6385/5, КП бр. 6386/3 и КП бр. 6481/22 викано место/улица „Горица“

50. Понуда од нотар Весна Митровска од Крива Паланка за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8619, за КО Крива Паланка, на КП бр.375, викано место/улица „Партизанска“

51. Кадровски прашања

52. Прашања и предлози

53. Информација за подготвениот Годишен извештај за 2022 година за имплементација на Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика-(р) ЕСРП 2022

54. Информација за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување (за период јули-декември 2022 година)

55. Информација за отпочнување на процесот за институционална акредитација на Регионалниот центар за односи со јавноста, согласно НАТО-стандардите и негово прераснување во НАТО Школа за односи со јавноста и реорганизација на системот за стратешки комуникации во Министерството за одбрана

56. Годишен извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2022 година

57. Информација за раскинување на Договорот со Кернел Гроуп ДОО Скопје

58. Годишен извештај на Националната комисија за мало и лесно оружје во Република Северна Македонија за 2022 година

59. Информација во однос на намалените субвенции за финансирање на ЈП Национална Радиодифузија-Скопје за 2022

60. Конечен извештај за извршена ревизија на успешност „Систем за управување со кризи и заштита од пожари“

61. Конечен извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема: „Исплатени средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на Локалните избори 2021 година“

62. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО

63. Годишен извештај за 2022 година за работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија

64. Годишен извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2022 година

65. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија (*)

66. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

67. Информација за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука

68. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за постапката за доделување на финансиска поддршка за складирање на земјоделски производи

69. Предлог на закон за решавање банки (*)

70. Предлог-одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за енергетика на Република Македонија

71. Записник од Четвртата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 21 јули 2023 година со Записник од Седмата седница на Групата за процена, одржана на 21 јули 2023 година, со предлог-одлуки

72. Информација во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.123 Крива Река, бр.407 Пена, бр.277 Воденешница, бр.104 Габровска Река и бр.349 Блатечка Река

73. Предлог-одлука за определување на јачменот како земјоделски производ за кој се однесуваат интервенциски мерки

74. Известување за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 13 јули 2023 година до 19 јули 2023 година.

75. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-

поправната установа  Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 14.7.2023 година до 20.7.2023 година

76. Информација за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за јавна администрација на Црна Гора и Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија во областа на дигитализација и информатичка безбедност, со усогласен текст на Меморандум

77. Информација со хронологија за постапките за доделување на концесиите за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерална суровина-бакар и злато на локалитетот "Иловица", Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги Еуромакс ресоурцес ДОО Скопје, со прилози

78. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив за период од 11.7.2023 до 17.7.2023 година

79. Информација за условите за Макро-финансиска помош од Европската унија, со Анекс I

80. Информација за потребата од потпишување на Билатерален договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за кофинансирање на големиот проект „Изградба на нова железничка линија од Крива Паланка до граничниот премин со Република Бугарија, како дел од Коридор 8 во рамките на Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II)", со текст на Билатерален договор

81. Известување за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 18 јули 2023 година до 19 јули 2023 година
82. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија

83. Информација за исплата на пензии за јули 2023 година

84. Предлог-одлука за субвенционирање на каматата која произлегува од Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција склучен меѓу Европската Инвестициона Банка и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (ЕИБ 7 кредитна линија)
85. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите (*), , по скратена постапка

86. Предлог на закон за системот за проценка на лица со попреченост (*), по скратена постапка

87. Предлог на закон за регистар на задолжително социјално осигурување, по скратена постапка

88. Информација за Деветтата конференција на страните потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутун на Светската здравствена организација, која се одржа од 8 до 13 ноември 2021 година и национални ставови во однос на претстојната Десетта конференција, која ќе се одржи од 20 до 25 ноември 2023 година

*

*          *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од Сто шеесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јуни 2023 година, Записникот од Сто шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јули 2023 година, Записникот од Сто шеесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јули 2023 година, Записникот од Сто шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 јули 2023 година и Записникот од Сто и седумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 18 јули 2023 година.

*

*          *

Пред преминување на Дневен ред:

**• Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија**

**- Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 3-Право на основање и слобода на давање на услуги од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 3-Право на основање и слобода на давање на услуги од Кластер 2-Внатрешен пазар и преземени обврски, со прилози ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата и прилозите до Европската комисија, најдоцна до 31 јули 2023 година.

**- Информација за задржување и мотивирање на вработените во ИПА структурите надлежни за спроведување на ИПА 3 Секторските оперативни програми**

Владата ја разгледа Информацијата за задржување и мотивирање на вработените во ИПА структурите надлежни за спроведување на ИПА 3 Секторските оперативни програми и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во рок од пет работни дена, да формира координативна работна група составена од претставници на ИПА структурите во НИПАК секретаријатот при Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Ревизорското тело за ИПА, како и претставници на Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за

транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Ревизорското тело за ИПА, како и Министерството за информатичко општество и администрација и Секретаријатот за законодавство, во рок од два работни дена, да назначат член и заменик член во координативната работна група, како претставници на ИПА структурите од надлежното министерство/институција.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, Министерството за труд и социјална политика, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Ревизорското тело за ИПА, до Секретаријатот за европски прашања, не подоцна од 4 септември 2023 година, да ги доставaт бараните информации за статус на вработени, планови за вработување, оценување на вработени и решенија за плати.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, не подоцна од 18 септември 2023 година, да ја извести Владата за пакетот на информации и решенијата за спроведување на политиката за човечки ресурси до Европската комисија, пред официјално да се достави пакетот на информации.

- **Законодавна агенда на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 1 јули 2023 година-31 декември 2023 година**

Владата ја разгледа Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2023 година-31.12.2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година и ја прифати со следните заклучоци:

1. Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2023 година-31.12.2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, да се достави до Собранието на Република Северна Македонија врз основа на член 185 став (1), член 60 став (1) алинеја 6 и член 64 ставови (4) и (5) од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во врска со член 4 став (1) точки 11 и 13, член 11 став (2), член 20 став (10), член 24 и член 103-а од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите министри да го следат реализирањето на Законодавната агенда на Владата на Република Северна Македонија, за период 1.7.2023 година-31.12.2023 година, утврдена согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година, навремено да ги планираат активностите во институциите, со цел доследно исполнување на обврските и роковите кои произлегуваат од истата.

- **Агенда за дигитална трансформација**

Владата ја разгледа Информацијата со барање за статус на имплементација на мерките за подобрување на безбедноста на информациските системи во институциите од јавниот сектор, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а се укажува на институциите кои не се органи на државна управа, во рок од 30 дена до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење да достават статус за процентот на вработени кои заклучно со 30.6.2023 година се регистрирале и успешно завршиле една од обуките за сајбер безбедност достапни на веб-страницата: //lms.mkd-cirt.mk/.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а се укажува на институциите кои не се органи на државна управа, во рок од 30 дена до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење да достават статус дали имаат воспоставено и за службена комуникација користат службени е-маил адреси на службен домеин.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа, а се укажува на институциите кои не се органи на државна управа, во рок од 30 дена до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење да достават план за реализација во кој се предвидени финансиските импликации за реализација на мерките на Националниот центар за одговор на компјутерски ициденти MKD-CIRT, достапни на веб-страницата: https://aek.mk/en/soopstenie/.

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање, со Предлог-одлука (запишан во Имотен лист бр.270, КП 785, дел 15, КО Радња), со дополнувањето, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на одземен недвижен имот на прво јавно наддавање (запишан во Имотен лист бр.102842), со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за продажба на одземен недвижен имот.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданост на барањето за согласност за вработување на неопределено време во Јавната установа Национален парк Шар Планина-Тетово, Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се одобрува на Јавната установа Национален парк Шар Планина, да ги реализира планираните вработувања на неопределено време наведени во Информацијата.

2. Се задолжува Министерството за финансии во најкраток можен рок, да издаде согласност за вработување на истите.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за оправданост на Барањето на согласност за привремени вработувања и Барањето на согласност за ангажмани по договори на дело во Јавната установа-Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Се одобрува на Јавната установа-Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија, да ги реализира планираните привремени вработувања и ангажирање на лица врз основа на договор на дело.

2.Се задолжува Министерството за финансии во најкраток можен рок да издаде согласност за вработување и ангажирање на истите.

**Точка 6**

Владата по Информацијата за потребни финансиски средства за нормално функционирање на целокупниот железнички систем во земјата заклучи во Министерството за финансии во текот на утрешниот ден (26.7.2023 година) да се одржи состанок со претставници од Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје на кој ќе се разгледаат сите можности за изнаоѓање на соодветно решение.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за износ на побарувања на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје, каде како должници се јавуваат, општини, акционерски друштва во државна сопственост, јавни институции, јавни претпријатија и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се препорачува на должниците кои не се придржуваат до роковите и начинот на исплата на месечните рати, наведени во Информацијата во рок од 30 дена, да го исплатат долгот кој го имаат кон Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

2.Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје доколку по истекот на рокот од 30 дена,

должниците наведени во Информацијата не го исплатат долгот, да поведе постапки за присилна наплата на побарувањата пред извршител.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на деловни простории во сопственост на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Здружението за поттикнување на локален и рурален развој Ума Сто, с.Умин дол, Куманово.

**Точка 10**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*).

**Точка 11**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со одземањето на Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб издадена на Друштвото за трговија и услуги „Про-Бетинг" ДОО Скопје, со Предлог-одлука и дополнување.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за Проектот за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката со заклучок Министерството за животна средина и просторно планирање да го усогласи текстот на истата согласно расправата на седницата на Владата.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за Проектот „Енергетски решенија за подобрување на оперативните трошоци и функционирањето на пречистителните станици за третман на отпадни води (ПСОВ) во Северна Македонија", ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање, во рок од седум дена, да поднесе барање до Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) за обезбедување на средства во вид на заем во износ до 20 милиони евра, за реализација на проектот Енергетски решенија за подобрување на оперативните трошоци и функционирањето на пречистителните станици за третман на отпадни води (ПСОВ) во Северна Македонија, како и барање за поддршка и добивање на Инвестициски грант и грант за техничка помош од инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на објект-Школо и Црква во с.Градец, КО Градец, Општина Крива Паланка, со

Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на објект-Школо и Црква во с.градец, КО Градец, Општина Крива Паланка.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Лукар 5 со приклучок на дистрибутивна енергетска мрежа КО Ваташа, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ Лукар 5 со приклучок на дистрибутивна енергетска мрежа, КО Ваташа, Општина Кавадарци.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на населбите Просарци, Камењарци и Мачорци, с.Луке-секундарна мрежа, крак 1, 2, 21, 23, 3, 31, 32 и 33, КО Луке, Општина Крива Паланка, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за водоснабдување на населбите Просарци, Камењарци и Мачорци, с.Луке-секундарна мрежа, крак 1, 2, 21, 23, 3, 31, 32 и 33, КО Луке, Општина Крива Паланка.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Тина Несторовска, ул. „Никола Карев“ бр.27, Росоман, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен Камен“, с. Беловодица, Општина Прилеп 6/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/23), со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Дупен Камен“, с. Беловодица, Општина Прилеп 6/2022, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 12/23.

2. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина-мермер на Друштвото за производство, трговија и услуги Бианко Сета Марми ДОО Скопје на локалитетот „Дупен Камен“, с. Беловодица, Општина Прилеп.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2022 година за Аеродромот „Св. Апостол Павле"-Охрид, ја усвои Информацијата и ја одобри Анкетата за квалитет на аеродромски услуги (ASQ) на ТАВ Македонија за 2022 година за аеродромот „Св. Апостол Павле"-Охрид.

**Точка 20**

Владата го разгледа Извештајот за извршените преговори во врска со Договорот за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд од страна на државата и Меморандум за разбирање помеѓу Зелениот климатски фонд и државата за можноста за одржување на Регионална конференција со Зелениот климатски фонд и земјите од Источна Европа и Централна Азија во Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум и Договор и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за извршените преговори во врска со Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Зелениот климатски фонд за привилегии и имунитети на Зелениот климатски фонд и Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Зелениот климатски фонд за одржување на Регионална конференција со Зелениот климатски фонд и земјите од Источна Европа и Централна Азија во Република Северна Македонија.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Зелениот климатски фонд за привилегии и имунитети на Зелениот климатски фонд.

3. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Зелениот климатски фонд.

4. Се определува д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, во име на Владата на Република Северна Македонија, во рок од седум дена, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Зелениот климатски фонд за привилегии и имунитети за Зелениот климатски фонд.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи, најдоцна во рок од 30 дена од потпишувањето на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Зелениот климатски фонд за привилегии и имунитети на Зелениот климатски фонд да ги отпочне активностите за ратификација на истиот.

6. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, во рок од пет дена, да го потпише Меморандумот за разбирање меѓу Владата на Република Северна Македонија и Зелениот климатски фонд.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со склучување на Меморандум за разбирање помеѓу ЕИТ Мануфактуринг, заедница за знаење и иновација, при Европскиот институт за иновација и технологија (ЕИТ КИЦ) и Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ЕИТ Мануфактуринг, заедница за знаење и иновација, при Европскиот институт за иновација и технологија (ЕИТ КИЦ).

2. Се овластува Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски ресори и инвестиции, во рок од пет дена, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ЕИТ Мануфактуринг, заедница за знаење и иновација, при Европскиот институт за иновација и технологија (ЕИТ КИЦ).

**Точка 22**

Владата ја донесе Одлуката за склучување на Анекс на Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за трговија, производство и услуги Јовчеви 2019 ДООЕЛ увоз-извоз Делчево на локалитетот „Дуните“, Општина Делчево.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од измена на Договорот склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и Aselsan Electronik Sanayi Ve Ticaret A.Ş. во врска со набавката на системи за команда и контрола на огнената поддршка и придружни услуги, со Предлог-текст на Анекс бр.1 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го утврди текстот на Анекс бр.1 на Договорот склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и ASELSAN ELEKTRONİK SANAYİ VE TİCARET A.Ş, во врска со набавката на системи за команда и контрола на огнената поддршка и придружни услуги.

2. Се овластува Владимир Анчев, државен секретар во Министерството за одбрана, да го потпише Анекс бр.1 на Договорот склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република Северна Македонија и ASELSAN ELEKTRONİK SANAYİ VE TİCARET A.Ş, во врска со набавката на системи за команда и контрола на огнената поддршка и придружни услуги.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за именување на нов шеф на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО-(Група на држави против корупција) на Совет на Европа, со предлог-решенија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го донесе Решението за престанување на важењето на Решението за именување на шеф на Делегацијата на Република Македонија во ГРЕКО (Група држави против корупција) на Советот на Европа.

2.Го донесе Решението за именување на шеф на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа.

3. Се задолжува Министерството за правда, како носител на активностите за координација со ГРЕКО, во рок од 10 дена, преку Министерството за надворешни работи, да го извести Секретаријатот на ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа за именувањето на д-р Беса Арифи за шеф на Делегацијата на Република Северна Македонија во ГРЕКО (Група на држави против корупција) на Советот на Европа.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Доцевска-Божиновска против Северна Македонија А.бр. 25190/18, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Цанева А.бр.27875/16 и 25 други против Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Магделиниќ против Република Северна Македонија и четири други апликации А.бр.13208/20, 54208/20, 54414/20, 55865/20 и 9786/21 и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за спогодбено решавање на предметот Магделиниќ против Република Северна Македонија и четири други апликации А.бр.13208/20, 54208/20, 54414/20, 55865/20 и 9786/21.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата на апликантот ќе му исплати вкупен износ од 3.850 евра во денарска противвредност.

3.Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантот во предметот Магделиниќ против Република Северна Македонија и четири други апликации А.бр.13208/20, 54208/20, 54414/20, 55865/20 и 9786/21, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање пред Европскиот суд за човекови права, да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права, на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметите Ицковска А.бр.56022/21 и пет други апликации против Северна Македонија, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапките пред Европскиот суд за човекови права да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметите Ицковска А.бр.56022/21 и пет други апликации против Северна Македонија.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметите да прифати дека, државата на апликантите од предметите Ицковска А.бр.56022/21 и пет други апликации против Северна Македонија ќе им исплати вкупен износ од 18.600 евра во денарска противвредност, или поединечно за секој апликант, односно апликација износот наведен во табелата во прилог и составен дел на оваа информација.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во случај апликантите во предметите Ицковска А.бр.56022/21 и пет други апликации против Северна Македонија, да не ја прифатат понудата за спогодбено решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права, да изрази еднострани декларации и за целите на конечно решавање на предметите пред Европскиот суд за човекови права на апликантите да им понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметите поединечно за секој апликант, односно апликација како што е наведено во табелата во прилог и составен дел на оваа информација.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за можностите и условите за спогодбено решавање на предметот Димковиќ против Република Северна Македонија А. бр. 35420/19 и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се овластува владиниот агент во постапката пред Европскиот суд за човекови права, да ја изрази подготвеноста на Владата на Република Северна Македонија за пријателско решавање на предметот Димковиќ против Република Северна Македонија А. бр. 35420/19.

2. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија во постапката пред Европскиот суд за човекови права, за целите на спогодбено решавање на предметот да прифати дека државата, на апликантот ќе му исплати вкупен износ од 4.000 евра во денарска противвредност.

3. Се овластува владиниот агент на Република Северна Македонија, во случај апликантот во предметот Димковиќ против Република Северна Македонија А. бр. 35420/19, да не ја прифати понудата за спогодбено решавање на апликацијата пред Европскиот суд за човекови права да изрази еднострана декларација и за целите на конечно решавање на предметот пред Европскиот суд за човекови права на апликантот да му понуди износ кој е за 10% понизок од износот понуден од страна на Европскиот суд за човекови права за целите на спогодбено решавање на предметот.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Јакимовски и Кари превоз против Северна Македонија А.бр. 51599/11, донесена по барањето на Владата за ревизија на Пресудата на Европскиот суд за човекови права, донесена во истиот предмет од страна на Европскиот суд за човекови права, на 14 ноември 2019 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

Финансиските средства во вкупен износ од 15.712,5 евра во денарска противвредност да бидат исплатени согласно Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Јакимовски и Кари превоз против Северна Македонија А.бр. 51599/11 од 1 јуни 2023 година, најдоцна до 15.8.2023 година.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за следење на имплементацијата на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025), ја усвои Информацијата и го прифати Годишниот извештај за имплементација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија (2021-2025).

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за давање на привремна заштита во Република Северна Македонија на лица од Украина.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за внатрешни работи да преземе соодветни активности со цел создавање на правен основ за доделување матичен број на лица под привремена заштита и имплементација на оваа

**Точка 34**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за давање на стопанисување на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје и условно ја донесе Одлуката, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по материјалот.

**Точка 35**

Владата го разгледа Предлогот на закон за образование на возрасните, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за образование и наука, а за повереник Анета Трпевска, државен секретар во Министерството за образование и наука.

**Точка 36**

Владата ја донесе Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита-домови за стари лица за 2024 година.

**Точка 37**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2023 година.

**Точка 38**

Владата ја донесе Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи (2023-2026).

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за Календарот за организација на учебната 2023/2024 година во основните училишта и јавните средни училишта, ја усвои Информацијата и го прифати петтиот предлог кој гласи:

-учебната година да започне на 1 септември 2023 година, а наставната година да започне на 1 септември 2023 година;
-првото полугодие да започне на 1 септември и да заврши на 29 декември 2023 година;
-второто полугодие да започне на 22 јануари и да заврши на 17 јуни 2024 година;
-зимскиот одмор да започне на 30 декември 2023 година и да заврши на 18 јануари 2024 година;
-летниот одмор да започне на 18 јуни 2024 година и да заврши на 31 август 2024 година;
-во периодот од 29 април до 5 мај 2024 година, учениците да бидат на „пролетен распуст".

**Точка 40**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од втор циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, Универзитетот во Тетово, Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, во академската 2023/2024 година, со прилози, за наредната седница на Владата.

**Точка 41**

Владата на предлог на предлагачот, го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, Државниот универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид во академската 2023/2024 година, со прилози, за наредната седница на Владата.

**Точка 42**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка (поднесен од група на пратеници) и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10 000 избирачи.

Со Законот за здравственото осигурување се утврдува учество на осигурените лица, конкретно плаќање на учество на осигурените лица од лични средства при користењето на здравствените услуги и лекови, најмногу до 20% од просечниот износ на вкупните трошоци на здравствената услуга односно лековите (партиципација).

Во член 34 од Законот е предвидено ослободување од учество и во истиот член таксативно се наброени категориите лица кои се ослободени од плаќање на учество по разни основи меѓу кои се децата со попреченост согласно прописите за заштита на децата (детска заштита).

Имајќи го предвид горенаведеното како и воспоставувањето на одржлив и оперативен пристап кон прашањето за попреченоста со отстранување на ограничувањето од аспект на возраста, за ослободување од учество (партиципација) при користењето на здравствените услуги, Владата на Република Северна Македонија дава позитивно мислење по однос на доставениот Предлог на закон за изменување на Законот за здравственото осигурување, по скратена постапка .

**Точка 43**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, поднесен од пратеникот Моника Зајкова и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Северна Македонија, Ве известува дека работи на изготвување на нов Кривичен законик кој ќе биде целосно усогласен со меѓународните стандради во казнено правната област. Во текот на постапката на подготвување, Предлогот на Кривичниот законик беше усогласен со мислењето на Еврејската заедница кое беше доставено преку ЕНЕР. Исто така, Владата, Ве информира дека Работната група за изготвување на новиот Кривичен законик одржа и неколку состаноци со претставниците на Еврејската заедница на кои беа разгледани нивните предлози и беа вградени во работната верзија на новиот Кривичен законик.

На овој начин кривичното дело „Одобрување или оправдување на геноцид, злосторство а на агресија, злосторства против човечноста или воени злосторства“ член 138 (претходен 407-а) беше изменето согласно мислењето на Еврејската заедница.

Од овие причини, а поради правна конзистентност и почитување на принципот на правна сигурност, се смета дека ова прашање треба да биде соодветно решено во новиот Кривичен законик, а не со парцијални измени.

Исто така, Предлогот на Кривичниот законик ќе биде преведен и доставен на мислење до Европската комисија.

Предлозите за нови кривични дела, содржани во Предлогот на закон поднесен од пратеничката Моника Зајкова, ќе бидат разгледани од Работната група за изготвување на новиот Кривичен законик во фазата кога ќе се вградуваат и мислењата од Европската комисија.

Имјаќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, поднесен од пратеникот Моника Зајкова.

**Точка 44**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 27 став (1) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/22), поднесено од пратеникот Лолита Ристова и притоа го утврди следното мислење:

Со Законот за судска служба уредени се правата, должностите, одговорностите на судските службеници, како и системот на плати и надоместоци на плати на судските службеници.

Во Главата V- Пополнување на работни места на судските службеници, уредена е постапката за пополнување на работните места во судовите преку јавен оглас.

Во членот 27 став (1) уреден е составот на Комисијата за селекција за вработување во постапката за селекција за вработување на судски службеник.

Согласно член 27 став (1) од Законот за судска служба судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, формира Комисија за селекција за вработување, составена од три члена, и тоа:
-еден раководен, односно стручен судски службеник,
-еден судски службеник со исто звање како работното место за кое е распишан јавниот оглас и
-еден член на Советот.

Во членот 27 став (1) од Законот за судска служба, законодавецот на јасен и недвосмислен начин ги утврдил членовите од кои судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор, ја формира Комисијата за селекција за вработување, при тоа наведувајќи ги звањата на членовите. На овој начин законодавецот не оставил простор за нејаснотии во однос на тоа кои се членови на Комисијата за селекција за вработување.

Поаѓајќи од изнесеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека одредбите од член 27 став (1) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.235/22) се јасни и недвосмислени и му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го прифати Барањето за автентично толкување на истото.

**Точка 45**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2022 година и финансиски извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2022 година, со Извештај на независен ревизор и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 54 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.180/19 и 103/21), Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување поднесува извештај за својата работа за претходната година за усвојување до Собранието на Република Северна Македонија, најдоцна до 30 јуни во тековната година.

Според член 56 став (1) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, најдоцна до 30 јуни во тековната година, доставува финансиски извештаи за претходната година ревидирани од надворешен овластен ревизор согласно со меѓународните ревизорски стандарди до Собранието на Република Северна Македонија.

Според Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2022 година, бројот на членовите во задолжителни

пензиски фондови (втор пензиски столб) во 2022 година изнесувал 572.094 члена, а во доброволните пензиски фондови 29.502 членови. Вкупната вредност на средствата во сите пензиски фондови (задолжителни и доброволни) изнесувале 1,9 милјарди евра.

Работењето на Агенцијата се финансира од надоместоците кои ги наплатува од пензиските друштва и во текот на 2022 година Агенцијата го наплатува законски утврдениот максимум од 0,8% од уплатените придонеси во сите пензиски фондови со кои управуваат пензиските друштва. Висината на надоместокот е утврден врз основа на анализа за потребните расходи и приходи за финансирање на Агенцијата.

Во 2022 година Агенцијата вршела континуирана теренска и вонтеренска контрола на работењето на друштвата, согласно нејзините законски надлежности. Во 2022 година била извршена по една редовна теренска контрола на КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Сава пензиско друштво АД Скопје, Триглав пензиско друштво АД Скопје. Теренската контрола на пензиските друштва е од аспект на нивното работење, квалитет и структура на менаџмент, стратегија на друштвото и фондови, интерни контроли, управување со ризици и носење на одлуки. Теренска контрола била спроведена и на чуварот на имот, Комерцијална банка АД Скопје, од аспект на организациска и техничка поставеност на чуварот на имот, пресметката на нето средства, бројот и вредноста на сметководната единица на пензиските фондови, чување и евиденција на средствата на пензиските фондови. Согласно, Годишниот план за теренска контрола за 2022 година, Агенцијата нема констатирано посериозни прекршувања на законските и деловните правила. Агенцијата дала укажувањата на друштвата и чуварот на имот, кои ги прифатиле констатираните препораки и укажувања и по однос на истите е постапено.

Во 2022 година била спроведена контрола и кај чуварот на имот Комерцијална банка АД Скопје. При спроведените теренски контроли, Агенцијата изрекла 4 укажувања, 1 предупредување и 35 препораки на трите пензиски друштва и 1 укажување и 2 препораки кон чуварот на имот.

Истовремено, Комитетот за оценка на ризици при Агенцијата одржал шест состаноци на кои биле разгледани Предлог-планот за спроведување на теренска контрола во 2023 година, записници од теренски контроли и анализи на ризици во капитално финансирано пензиско осигурување. Исто така, овој комитет ги разгледал извештаите за финансиско работење на пензиските друштва, се разгледале и дел од правилниците, за кои било оценето дека е потребно да се разгледаат од аспект на анализа на ризици и др.

Точка 3 од Извештајот се однесува на регулаторната функција, подзаконските акти, одобренија и согласности и работата на Комисијата за одлучување по прекршок. Во 2022 Агенцијата изготвила и донела подзаконски акти и одлуки кои се однесуваат на задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување, како и на работењето на Агенцијата. Советот на експерти, во јули 2022 година, спровел постапка за издавање на дозвола за основање на ново пензиско друштво за управување со доброволен пензиски фонд и донел Решение за основање на Друштво за управување со доброволни пензиски фондови ВФП Пензиско друштво АД Скопје и одобрение за управување со ВФП отворен доброволен пензиски фонд-Скопје.

Комисијата за одлучување по прекршок во текот на 2022 година постапувала по две прекршочни постапки за прекршување на одредби од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување од страна на вработен и членови на Управен одбор и Надзорен одбор на друштво, како и од страна на вработени во чувар на имот.

Извештајот содржи активности поврзани со развивање на свеста за целите и принципите на капиталното финансирано пензиско осигурување и правата на членовите кои што се преземени самостојно и во соработка со Министерството за труд и социјална политика, пензиските друштва и други регулаторни тела од областа на финансиското работење.

Финансиските извештаи за 2022 година, со Извештај на независниот ревизор, содржи финансиски извештаи на Агенцијата, кои се состојат од билансот на состојба на 31 декември 2022 година, како и белешки кон финансиските извештаи согласно сметководствените принципи и стандарди.

Советот на експерти, согласно член 52-а од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, ги донесува финансиските извештаи на Агенцијата, која за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија.

Во ставка 4.3.0 и 4.3.0-а од Финансискиот извештај, работата на Агенцијата се финансира од надоместоци кои ги наплаќа на пензиските друштва, висината ја утврдува Советот на експерти на Агенцијата.

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2022 година остварила вкупни приходи во износ од 98.541.450 денари, од кои 97.422.237 денари се од надоместокот што го наплатува од пензиските друштва (месечен надоместок од 0,8% од вкупните придонеси уплатени во претходниот месец во пензиските фондови) и расходи во износ од 66.016.146 денари. Приходите на Агенцијата бележат раст во 2022 година за 15% во споредба со претходната година, што се должи на зголемувањето на бројот на членови во вториот и третиот столб и на зголемувањето на просечната бруто плата во Република Северна Македонија.

Во ставка 4.3.1 во делот за Расходи од Финанскиот извештај, во однос на претходната година, евидентирано е зголемување во однос на остварените расходи во претходната година, во истиот период, порастот на расходната страна на Агенцијата се должи на зголемувањето на расходите за потрошени материјали, расходите за други капитални средства (набавка на нови софтверски лиценци и надградба на постојниот софтвер за членство), евидентирано е зголемување кај расходите за службен пат во странство поради реализирани патувања во странство за обука и семинари на вработените, интелектуални и други услуги, како резултат на приспособување на примањата на вработените со инфлацијата, како и зголемени трошоци за услуги за превод заради законски измени за двојазичност.

Во ставка 5.1.11 од Финансискиот извештај, Агенцијата во 2022 година остварила нето добивка од 32.525.304 денари, а акумулираната нето добивка изнесува 195.339.544 денари. Согласно член 56-а од Законот за задолжително капитално пензиско осигурување, доколку во текот на претходната деловна година Агенцијата оствари вишок приходи над расходи се распределуваат во резервниот фонд на Агенцијата.

Според мислењето на овластениот независен ревизор, Финансиските извештаи на Агенцијата за 2022 година објективно ја презентираат финансиската состојба на Агенцијата заклучно со 31 декември 2022 година, неговата финансиска успешност за годината 2022 и истите се во согласност со прописите на Република Северна Македонија што го регулираат работењето на непрофитните организации.
Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по Годишниот извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување во 2022 година и финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2022 година, со Извештај од независен ревизор.

**Точка 46**

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 15 став (2), член 16 став (4), член 66 став (1) алинеја 1, член 67 став (1) алинеја 1, член 68 став (1) алинеја 1, член 69 став (1) алинеја 1, член 70 став (1) алинеи 1 и 2, член 70 ставови (2) и (3), член 71 став (1) алинеја 2, член 72 став (1) алинеја 1, член 73 став (1) алинеја 1, член 83 став (1) алинеја 1, член 86 став (1) алинеја 1, член 88 став (1) алинеја 1 и член 90 став (1) алинеја 2, од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) поднесено од градоначалниците на Општина Радовиш, Општина Крива Паланка и Општина Ѓорче Петров и притоа го утврди следното мислење:

Имајќи во предвид, дека врз основа на претходно поднесено Барање од Општина Битола за автентично толкување на материјалните одредби од член 15 став (1), (2) и став (4) алинеи 1, 3 и 5, член 19 став (2), член 38 став (4), член 41 став (1) и (2), член 46 став (3), (4), (5) и (6), член 66 став (1) алинеја 1, член 67 став (1) алинеја 1, член 68 став (1) алинеја 1, член 69 став (1) алинеја 1, член 70 став (1) алинеја 2, член 71 став (1) алинеја 2, член 72 став (1) алинеја 1, член 73 став (1) алинеја 1, член 79 став (2) алинеи 1 и 5, член 80 став (3), член 83 став (1) алинеја 1, член 88 став (1) алинеја 1, член 90 став (1) алинеи 1 и 2, член 91 став (4) алинеја 2, член 94 став (2) и член 134 став (1), од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 275/19), Владата има утврдено мислење во поглед на прашањето за примена на Урбанистичкиот проект предвиден согласно одредбите од член 58 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање, во постапките предвидени согласно Законот за градежно земјиште, Ве известуваме дека остануваме кон претходно утврденото мислење и се смета дека е потребно автентично толкување на тој начин што:

„Урбанистичките проекти предвидени согласно материјалните одредби од член 58 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 32/20) може да се третираат како урбанистичко планска документација и истите да се применуваат врз основа на материјалните одредби од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 275/19)“.

Во однос на Барањето за автентично толкување на материјалните одредби од член 15 став (2), од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 275/19), со кои е предвидено дека „Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓува и да се дава под долготраен и краткотраен закуп со јавно наддавање и со непосредна спогодба и ако со урбанистички план или урбанистичка планска документација на градежната парцела се предвидува изградба на градби од јавен интерес утврдени со закон, по претходно донесена одлука на Владата на Република Северна Македонија“, Владата, смета дека не е потребно автентично толкување.

Додека во поглед на Барањето за автентично толкување на член 70 став (2) и (3) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“, бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 275/19), со кои е предвидено дека:

„Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи со непосредна спогодба на сопствениците на објекти или посебни делови од објекти за кои е донесено решение, согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти или Законот за заклучување на стечајните постапки отворени, согласно со Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај врз основа на кое се запишани во јавната книга на недвижности и тоа:

- градежното земјиште под објектот, односно делот од објектот за кој е донесено решение, согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти или Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно со Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај и

- градежното земјиште кое се наоѓа во рамките на градежната парцела, а не претставува земјиште под објектот.

(3) Градежното земјиште од ставот (2) алинеја 2, на овој член се отуѓува по завршување на постапката од ставот (2) алинеја 1, на овој член или истовремено со отуѓувањето на земјиштето под објектот", а во поглед на прашањето: Дали може да се изврши истовремено отуѓување на градежното земјиште од став (2) алинеја 2, во случај кога објектите или посебните делови од објекти за кои е донесено решение, согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти или Законот за заклучување на стечајните постапки отворени, согласно со Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај врз основа на кое се запишани во јавната книга на недвижности (врз основа на кои се бара отуѓување на градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија), се наоѓаат надвор од предвидената површина за градење или влегуваат со дел во површината за градење, а не излегуваат надвор од површината на градежната парцела, Владата смета дека е потребно да се издаде автентично толкување на одредбите од член 70 став (2) и (3) од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија", бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 275/19) на тој начин што со истите ќе се толкува дека:

„Градежното земјиште кое се наоѓа во рамките на градежната парцела, а не претставува земјиште под објектот во случај кога објектот за кој е донесено решение, согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти или Законот за заклучување на стечајните постапки отворени, согласно со Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај врз основа на кое се запишани во јавната книга на недвижности:

- не се наоѓа во рамки на градежна парцела со други објекти за кои се донесени решенија за утврдување на правен статус на објектите на различен сопственик,

- не е изграден на две или повеќе градежни парцели и

- не е со различна намена од важечката урбанистичка планска документација;

може да се отуѓи истовремено со  градежното земјиште под објектот, односно делот од објектот за кој е донесено решение, согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти или Законот за заклучување на стечајните постапки отворени, согласно со Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај".

Додека причината за ваквото автентично толкување произлегува од материјалните одредби од член 70 став (4), (5) и (6)  од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република

Македонија“, бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 275/19), со кои конкретно е наведено во кои случаи се отуѓува само градежно земјиште под објект и во кој случај се бара вклопување на објектот за да може да се отуѓува и градежното земјиште во рамки на цела градежна парцела, при што од истите произлегува дека доколку објектот не се наоѓа во рамки на градежна парцела со други објекти за кои се донесени решенија за утврдување на правен статус на објектите на различен сопственик, не е изграден на две или повеќе градежни парцели и не е со различна намена од важечката урбанистичка планска документација, градежното земјиште може да се отуѓи истовремено со градежното земјиште под објектот, а за кое нешто законодавецот не предвидел вклопеност на предметниот објект.

**Точка 47**

Владата ги разгледа финансиските извештаи на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2022 година, со Извештај на независниот ревизор и притоа го утврди следното мислење:
Финансиските извештаи се подготвени согласно член 158-њ став (1) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.01/19, 31/20 и 173/22), според кој Советот на експерти е должен најдоцна до 30 јуни во тековната година да достави до Собранието на Република Северна Македонија финансиски извештаи за претходната година ревидирани од овластен ревизор.

Според билансот на приходи и расходи, Агенцијата во 2022 година остварила вкупни приходи во износ од 94 милиони денари, односно за 8,6% пониски од приходите во 2021 година. Во вкупните приходи најголемо е учеството на приходите од надоместоци во износ од 91,8 милиони денари. Во 2022 година вкупните расходи на Агенцијата изнесувале 63 милиони денари и се за 31,3 % пониски од 2021 година.
Финансиската година Агенцијата ја завршила со добивка од 30,1 милион денари и истата е пренесена во резервниот фонд на Агенцијата.

Согласно мислењето на независниот ревизор, финансиските извештаи на Агенцијата за 2022 година, ја прикажуваат реално во сите материјални аспекти финансиската состојба на Агенцијата, поради што, Владата на Република Северна Македонија нема забелешки по истите.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Иницијативата од Петар Баришиќ од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.74/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 343 став 3 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15) и притоа го утврди следното мислење:

Предлагачот на уставната Иницијатива, наведува дека одредбите од член 343 став (3) од Законот за парничната постапка се во спротивност со член 8 став 1, член 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија и став 1 на Амандманот XXI од Уставот на Република Северна Македонија и предлага истиот да биде поништен.

Оспорениот член 343 став 3) од Законот за парничната постапка е законска норма која е внесена во Законот во 2005 година. Имено, тогаш Законот за парничната постапка, е донесен како дел од Стратегијата за реформа на правосудниот систем 2004-2007 година, која ги постави основите на функционален и ефикасен правосуден систем преку унапредување на правната и

институционалната рамка, како и јакнење на капацитетите на институциите во согласност со меѓународните стандарди за независно и непристрасно судство.

Законот за парничната постапка, во тој момент беше оценет како револуционерен закон, кој содржи бројни новини, креирани пред се заради забрзување и зголемување на ефикасност на постапката, спречување на бројните одолговлекувања во постапката, пинг понг ефектот помеѓу основните и апелационите судови, електронската достава, еднаш уредна достава да се смета уредна за целиот тек на постапката и слично. Суштинска беше неможноста во жалбена постапка да се истакнуваат нови факти и докази (освен под услови предвидени со закон), задолжителното мериторно одлучување на апелациониот суд, доколку ист предмет му дојде по жалба по втор пат и слично.

Една од суштинските новини која ја донесе Законот за парничната постапка е и тоа што во членот 343 во кој се содржани суштествените повреди на одредбите на парничната постапка, кои и овозможуваат на странката да поднесе жалба, е внесен ставот 3, кој предвидува дека:
„(3) Ако странката која е правно лице не била застапувана од овластено лице или поради тоа што парнично неспособната странка не ја застапувал нејзиниот законски застапник, или поради тоа што законскиот застапник, односно полномошникот на странката немал потребно овластување за водење на постапката или за одделни дејствија во постапката, жалба може да изјави само странката на која се однесуваат тие недостатоци.“.

Внесувањето на оваа одредба е оценето како неопходност затоа што практиката покажала дека правото на странката да ја побива пресудата со жалба поради тоа што таа не била правилно застапувана често била злоупотребувана од другата страна, на која не се однесуваат недостатоците за застапување, а се со цел да се одолговлекува постапката.

Ваквата одредба во никој случај не ја оневозможува другата страна во целиот тек на првостепената постапка да внимава на околноста за правилното застапување на странката и истата да ја оспорува во текот на истата.

Воедно, и судот во текот на целата постапка по службена должност согласно одредбите на член 74 од Законот внимава „дали лицето кое се јавува како странка може да биде странка во постапката и дали е парнично способно, дали парнично неспособната странка ја застапува нејзиниот законски застапник и дали законскиот застапник има посебно овластување кога тоа е потребно“, како и врз основа на членот 89 став (4) кој предвидува дека „Судот е должен во текот на целата постапка да внимава дали лицето кое се појавува како полномошник е овластено за застапување. Ако судот утврди дека лицето кое се појавува како полномошник не е овластено за застапување, ќе ги укине парничните дејствија што ги презело тоа лице, ако тие дејствија странката не ги одобрила дополнително.“.

Според изнесеното, сосем е неспорно дека околноста од член 343 став 3 е ценета во текот на целата постапка од страна на судот по службена должност, како и тоа дека другата страна, на која не се однесуваат околностите од членот 343 став 3), имала можност да го спори и предизвикува правилното застапување на лицата предвидени во ставот 3, во целиот тек на првостепената постапка.

Токму затоа се чинело нецелисходно да се остави можноста во жалбена постапка да се спори правилноста на застапувањето на лицата од член 343 став 3) и од страна на странката на која не се однесуваат тие недостатоци.

Оваа законска норма во никој случај не ги ограничува правата на странките да поднесуваат жалба, но се грижи истите да не ги злоупотребуваат процесните права и да не ја одолговлекуваат постапката, сето тоа во склад со законот.

Нејасна останува потребата на странката која го изгубила спорот, да се жали дека другата страна била неправилно застапувана.

Проценето е дека тоа се користело, исклучиво за злоупотреби на процесните права, заради што Законот за парничната постапка го внесол ограничувањето во членот 343 став 3.

Притоа, за прв пат после цели 18 години примена, се оспорува ваквото законско решение, за кое праксата апсолутно досега не укажала дека истото е спорно и дека предизвикува проблеми.

Имајќи го предвид сето понапред наведено, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од член 343 став 3) од Законот за парничната постапка е одредба донесена во согласност со член 8 став 1, член 9 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија и став 1 од Амандманот XXI од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставннот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на оспорената одредба од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/1О и 124/15).

**Точка 49**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.147942 за КО Охрид 4 на КП бр.6383/5, КП бр.6384/1, КП бр.6384/2, КП бр. 6385/5, КП бр. 6386/3 и КП бр. 6481/22 викано место/улица „Горица“ и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Весна Митровска од Крива Паланка за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8619, за КО Крива Паланка, на КП бр.375, викано место/улица „Партизанска“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 51**

**1.** Владата го отповика Игор Петков од должноста член на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, поради истек на мандатот.

1.1 Владата го избра Игор Петков за член на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

**2.** Владата го отповика Александар Давидовски од должноста член на Одборот на директори на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, поради истек на мандатот.

2.1 Владата го именува Александар Давидовски за член на Одборот на директори, на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост.

**3.** Владата на Марјан Спасовски, директор на Управата за извршување на санкциите, орган во состав на Министерството за правда, му утврди престанок на правото да остварува плата по престанување на функцијата заклучно со 31.8.2023 година на негово барање, поради вработување.

**4.** Владата ја разреши Силвана Блажевска од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Посебното основно училиште д-р Златан Сремец, Скопје, поради истек на мандатот.

4.1 Владата ја именува Силвана Блажевска за член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Посебното основно училиште д-р Златан Сремец Скопје.

**5.** Владата и утврди престанок на мандатот на Лидија Николовска-Ташковска, член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални Шуми- П.О "Скопје.

**6.** Владата ја разреши Лидија Маркоска-Заричин од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Охрид, поради истек на мандатот.

6.1 Владата ја именува Лидија Марковска-Заричин за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом -Охрид.

**7.** Владата ги разреши Санела Хасиќ и Сашо Секуловски од должноста членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

7.1 Владата ги именува Никола Бабановски од Министерството за правда и Југослав Јовановиќ од Министерството за животна средина и просторно планирање за членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес.

**8.** Владата го разреши Гани Ахмети од должноста член на Националната комисија за учебници, од редот на основните и средните училишта.

8.1 Владата ја именува Аријета Рамадани за член на Националната комисија за учебници, од редот на основните и средните училишта.

**9.** Владата го разреши Алберт Арслани од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Битола.

9.1 Владата го именува Халиме Изаири за член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Битола.

**10.** Владата го разреши Бајрам Мамути од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот Државниот студентски Дом „Скопје" во Скопје.

10.1 Владата ја именува Селвије Ајдини за член на Управниот одбор-претставник на основачот Државниот студентски Дом „Скопје" во Скопје.

**11.** Владата го разреши Адем Бесим од должноста член на Управниот одбор од редот на стручните работници на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение.

11.1 Владата ја именува Факете Фетаху за член на Управниот одбор од редот на стручните работници на Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение.

**12.** Владата го разреши Арсим Диша од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот ЈЗУ Здравствен дом-Гостивар.

12.1 Владата го именува Шефки Леши за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Гостивар.

**13.** Владата го разреши Невзат Елези од должноста член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом -Тетово, поради истек на мандатот.

13.1 Владата го именува Бурхан Ќамили за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом-Тетово.

**14**. Владата ја именува Елвира Зендели за член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија-Скопје.

**15.** Владата ги разреши Мирсад Ибрахими и Јумни Адеми од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

15.1 Владата ги именува Сенад Бислими и Џелал Јусуфи за членови на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија.

**16.** Владата го разреши Хајриз Бучи од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

16.1 Владата го именува Реџаит Ќерими за член на Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот.

**17.** Владата ја разреши Дашурија Абдула од должноста член на Органот за надзор на ЈУ за деца-Детско одморалиште „Илинден"-Гостивар.

17.1 Владата ја именува Ермира Билали за член на Органот за надзор на ЈУ за деца-Детско одморалиште „Илинден"-Гостивар.

**18.** Владата ги именува Момчило Лазаревски и Јован Настевски за вршители на должност членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија.

**19.** Владата заклучи да му препорача на Управниот одбор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, од должноста вршител на должноста директор на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија да го разреши Хајрула Мисини, а за вршител на должноста директор во Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија да го именува Ајдин Ајдини.

20. Владата ги симна од Дневен ред предлозите за разрешување и именување на членови на Управен одбор на ЈУ Национален парк Шар Планина, Република Северна Македонија.

**Точка 52**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**2.** По повод укажувањето на д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, дека според податоците од Управата за хидрометеоролошки работи, за продолжување на високи температури-портокалова фаза, Владата ги донесе следните препораки:

1) Ослободување од работните обврски на најранливите групи население, како што се: бремените жени и лицата на возраст над 60 години.

2) Во установите за згрижување на децата (градинки) да не се практикува физичка активност и да не ги изнесуваат децата на отворено во периодот од 11:00 до 17:00 часот.

3) Единиците на локалната самоуправа, Црвениот крст на Република Северна Македонија и центрите за социјални работи во регионите зафатени со топлотниот бран да пружаат помош на осамени, стари, изнемоштени лица и бездомници.

4) Со оглед на фактот дека одредени ризични производни и технолошки процеси може да претставуваат дополнителен ризик по здравјето на изложените работници, се потсетуваат работодавците на обврската за почитување на законските прописи од оваа област.

Согласно добиените информации, Владата го донесе следните заклучоци:

1) Државните органи и јавните претпријатија и установи, да ги почитуваат препораките.

2) Се препорачува на приватниот сектор да го организира работното време со цел заштита од директна сончева изложеност на работниците и избегнување престој на отворено во периодот од 11:00 до 17:00 часот.

3) Овие мерки да бидат во времетраење од 26 јули до 27 јули 2023 година.

Владата и надлежните органи будно ја следат состојбата и доколку има потреба ќе бидат преземени мерки, согласно Акцискиот план за превенирање на последиците од топлотниот бран, врз населението во Република Северна Македонија.

4. Работното време во градинките треба да се организира во периодот од 7:00 до 17:00 часот, при што да не се практикуваат физички активноси и да не ги изнесуваат децата на отворено по 11:00 часот.

5) Сите правни субјекти кои вршат активности на отворено да ги запрат активностите во периодот од 11:00 до 17:00 часот. Ова особено се однесува на градежните работници.

**3.** Владата по повод донесените заклучоци на 171-та седница на Владата, одржана на 18 јули 2023 година, Т.44 Прашања и предлози, а по повод одбележувањето на Државниот празник 2 август, Ден на Републиката-Илинден 2023, заклучи истите да се дополнат со следните заклучоци:

35) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди бели метални огради за потребите на Министерството за внатрешни работи за одбележување на државниот празник на Мечкин камен.

36) Се задолжуваат Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за култура, врз основа на доставено барање од страна на НКС „Десет дена Крушевска Република“, да обезбедат непречена реализација на настанот по повод одбележување на 120 години од Илинденското востание и отворањето на Манифестацијата НКС „Десет дена Крушевска Република“.

**4.** Владата на предлог на Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи заклучи:

1) Министерството за внатрешни работи да се изземе од примена на мерката за намалување на трошоците за прекувремена работа за најмалку 20%, (содржана во точка 3 од Прилогот) донесена на Осумдесет и осмата седница на Владата, одржана на 9 октомври 2022 година , по точка 1: План за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст : политики, препораки, мерки и индикатори, со Прилог,

2) Се задолжува Министерството за финансии за наредната седница на Владата да достави ревидирани Мерки и препораки според планот за фискална одржливост и поддршка на економскиот раст.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за подготвениот Годишен извештај за 2022 година за имплементација на Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика-(р) ЕСРП 2022, како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата ја разгледа Информацијата за реализираните активности за времено згрижените лица и создадените можности за самостојно домување (за период јули-декември 2022 година), како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување на процесот за институционална акредитација на Регионалниот центар за односи со јавноста, согласно НАТО-стандардите и негово прераснување во НАТО Школа за односи со јавноста и реорганизација на системот за стратешки комуникации во Министерството за одбрана, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за 2022 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во рок од седум дена да назначи раководител и заменик на раководителот на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе на предлог и од редот на јавните

обвинители од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

2. Се препорачува на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, во рок од седум дена од назначувањето на раководителот на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе истиот да го предложи за член на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција до Министерството за внатрешни работи.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за раскинување на Договорот со Кернел Гроуп ДОО Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 58**

Владата го разгледа Годишниот извештај на Националната комисија за мало и лесно оружје во Република Северна Македонија за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата во однос на намалените субвенции за финансирање на ЈП Национална радиодифузија-Скопје за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Систем за управување со кризи и заштита од пожари“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи Центарот за управување со кризи, Министерството за одбрана, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Дирекцијата за заштита и спасување, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“-П.О. Скопје, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, а му препорача на ЗЕЛС (општините за кои има препораки), да подготват акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на успешност „Систем за управување со кризи и заштита од пожари“ и истиот во рок од 30 дена да го достават до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 61**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема: „Исплатени средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на Локалните избори 2021 година“, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Државната изборна комисија, во рок од 10 дена да подготви и до Владата да достави Извештај за активностите, по основ на наодите и забелешките во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

2. Се задолжува Државната изборна комисија, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на усогласеност на тема: „Исплатени средства од Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на Локалните избори 2021 година“ и истиот во рок од  30 дена да го достави до Владата и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 62**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, во рок од 10 дена да подготви и до Владата да достави информација со предлог за повикување на одговорност на членовите на Управниот одбор и другите одговорни лица што не преземале мерки за заштита на имотот и сопственоста на Акционерското друштво.

2. Се задолжува Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, да подготви акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за спроведување на дадените препораки од Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО и во рок од 30 дена да го достави до Владата, Министерството за транспорт и врски и до Државниот завод за ревизија.

3. Се задолжува Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем АД МЕПСО, по спроведувањето на акцискиот план, заклучно со март 2024 година, да подготви и до Владата да достави информација за преземените активности за надминување на забелешките од ревизорскиот извештај.

**Точка 63**

Владата го разгледа Годишниот извештај за 2022 година за работата на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Агенцијата за лекови и медицински средства за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија (*) и го утврди како Предлог на закон кој се носи по скратена постапка, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди мислења од надлежните институции, како и да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за Развојната банка на Северна Македонија (*), по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 68**

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за постапката за доделување на финансиска поддршка за складирање на земјоделски производи.

**Точка 69**

Владата го разгледа текстот на Предлогот на закон за решавање банки (*), го утврди како Предлог на закон кој се носи по скратена постапка, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди мислења од надлежните институции, како и да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за решавање банки (*), по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Магдалена Симоновска, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

**Точка 71**

Владата го разгледа Записникот од Четвртата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 21 јули 2023 година со Записникот од Седмата седница на Групата за процена, одржана на 21 јули 2023 година, со предлог-одлуки и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Четвртата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 21 јули 2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба заради поплави на дел од територијата на Република Северна Македонија.

3. Периодот на постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на општините Делчево, Крива Паланка и на дел од територијата на општина Ранковце, с.Герман, заради справување со поплавите и последиците од нив, е во траење од 30 дена.

4. Да се информираат Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради поплави на дел од територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

5. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба заради поплави на дел од територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата на Република Северна Македонија заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од инжинериските единици на Армијата (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во поддршка на Општина Делчево, Општина Крива Паланка и на Општина Ранковце, на дел од територијата с.Герман, за справувањето со кризната состојба.

6. Ја разгледа Предлог-одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на КПУ КПД Идризово, го утврди и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог да ја разгледа.

7. Периодот за продолжување на кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија на подрачјето на општината Гази Баба на кое КПУ КПД Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на установата, е до 5.11.2023 година.

8. За операционализација на Предлог-одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради

спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на КПУ КПД Идризово, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, Владата заклучи да му предложи на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

9. Се задолжува Министерството за финансии итно да издаде финансиска согласност за прием на 100 затворски полицајци, средства за набавка на жичана ограда во затворот во должина од 5 километри и за набавка на скенер за рачен багаж.

10. Се задолжува Министерството за здравство да организира поддршка на КПУ КПД Идризово со здравствен персонал од општа, стоматолошка и медицина на трудот за времетраењето на кризната состојба.

11. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да обезбеди психолози во КПУ КПД Идризово заради поддршка од областа на психосоцијалната заштита за времетраењето на кризната состојба.

12. Се задолжува Главниот штаб за управување со кризи при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата на Република Северна Македонија.

13. Се задолжува Центарот за управување со кризи да го организира и координира ангажирањето на националните ресурси за справување со пожари на отворен простор, вклучувајќи ги воздухопловите за гасење пожари на отворен простор во услови на непрогласена кризна состојба.

**Точка 72**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата во врска со статусот на реализација на договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.123 Крива Река, бр.407 Пена, бр.277 Воденешница, бр.104 Габровска Река и бр.349 Блатечка Река.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 73**

Владата ја донесе Одлуката за определување на јачменот како земјоделски производ за кој се однесуваат интервенциски мерки.

**Точка 74**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија

прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 13 јули 2023 година до 19 јули 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 75**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјето на Општината Гази Баба на кое Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово ја врши својата надлежност, заради спречување на безбедносните закани и зајакнување на обезбедувањето на Установата, за период од 14.7.2023 година до 20.7.2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за јавна администрација на Црна Гора и Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија во областа на дигитализација и информатичка безбедност, со усогласен текст на Меморандум и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за јавна администрација на Црна Гора и Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија во областа на дигитализација и информатичка безбедност.

2. Се овластува д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, да го потпише Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за јавна администрација на Црна Гора и Министерството за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија во областа на дигитализација и информатичка безбедност.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата со хронологија за постапките за доделување на концесиите за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерална суровина-бакар и злато на локалитетот „Иловица", Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги Еуромакс ресоурцес ДОО Скопје, со прилози, ја усвои Информацијата и врз основа на расправата на седницата на Владата донесе Одлука за престанок на важење на Одлуката за спојување на концесијата за експлоатација на минерална суровина-руди на бакар и злато на локалитетот „с. Иловица", Општина Босилово со концесијата за експлоатација на минерална суровина-бакар и злато на локалитетот „Иловица", Општина Босилово и Општина Ново Село на Друштвото за производство, промет и услуги Еуромакс ресоурцес ДОО Скопје со заклучок истата да се подготви и достави до Владата.

Притоа, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, гласаше воздржано по оваа точка.

**Точка 78**

Владата го симна од Дневен ред Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив за период од 11.7.2023 до 17.7.2023 година, имајќи предвид дека истото е разгледано на 171-та седница на Владата, одржана на 18 јули 2023 година.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Информацијата за условите за Макро-финансиска помош од Европската унија, со Анекс I и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се задолжува Министерството за финансии да го зајакне ново воспоставениот Сектор за управување со јавни инвестиции во Министерството за финансии, со пополнување на најмалку 50% од планираните вработувања (7 вработени), најдоцна до 30 септември 2023 година.

2.Се задолжува Министерството за финансии да подготви Стратегија за формализирање на неформалната економија 2023-2027 година со Акциски план 2023-2025 и да ги достави до Владата, најдоцна до 15 септември 2023 година.

3.Се задолжува Министерството за образование и наука да подготви Стратегија за паметна специјализација со придружен акциски план и да ги достави до Владата, најдоцна до 15 септември 2023 година.

4.Се задолжува Министерството за образование и наука да подготви Предлог на закон за стручно образование и обука, Предлог на закон за средно образование и Предлог на закон за образование и да ги достави до Владата, најдоцна до 15 септември 2023 година.

5.Се задолжува Министерството за финансии да подготви Предлог на закон за изменување на Законот за Развојна банка на Северна Македонија, за да се овозможи основање на Фонд за енергетска ефикасност наменет за инвестиции во јавниот сектор и да ги достави до Владата, најдоцна до 31 јули 2023 година.

6.Се задолжува Министерството за правда да подготви Стратегија за развој на правосудниот систем (2023-2027 година), земајќи ги предвид научените лекции од спроведувањето на Стратегијата за 2017-2022 година, во согласност со коментарите на Европската комисија и да ја достави до Владата, најдоцна до 15 септември 2023 година.

7.Се задолжува Министерството за финансии да подготви Методологија за процена на проекти, во согласност со препораките на Меѓународниот монетарен фонд и Светска банка и да ги достави до Владата, најдоцна до 15 јуни 2024 година.

8.Се задолжува Министерството за економија да подготви Предлог на закон за јавно приватно партнерство (ЈПП) и Предлог на закон за концесии и да ги достави до Владата, најдоцна до 31 декември 2023 година.

9.Се задолжува Министерството за економија да подготви Стратегија за мали и средни претпријатија (2024-2030 година), вклучувајќи ги препораките на Актот за мали претпријатија на Европската Унија и да ги достави до Владата, најдоцна до 15 јуни 2024 година.

10. Се задолжува Министерството за економија да ги подготви следните подзаконски акти од Законот за енергетска ефикасност и тоа уредба со која подетално се уредуваат договорите за енергетски услуги (став (7) , член 27 од Законот за енергетска ефикасност (ЕЕ)) и правилник за уредување на содржината и формата на програмите за енергетска ефикасност, кој треба да го усвојат единиците на локалната самоуправа и да ги достави до Владата, најдоцна до 15 јуни 2024 година.

11. Се укажува на Развојната Банка на Северна Македонија да подготви и усвои деловник за работа на Фондот за енергетска ефикасност и да започне со развивање листа на проекти, најдоцна до 15 јуни 2024 година.

12. Се задолжува Министерството за економија да подготви Предлог на закон за изменување на Законот за енергетска ефикасност, усогласени со Директивата (ЕУ) 2018/2001 за енергетска ефикасност и во согласност со мислењето на Енергетската заедница и да го достави до Владата, најдоцна до 31 декември 2023 година.

13. Се задолжува Министерството за економија да изврши целосно раздвојување и сертифицирање на операторот за пренос на природен гас НОМАГАС, во согласност со третиот енергетски пакет на ЕУ, најдоцна до 15 јуни 2024 година.

14. Се задолжува Министерството за правда да подготви и најдоцна до 31 декември 2023 година до Владата да достави нова ревидирана правна рамка за Судскиот совет, во согласност со европските стандарди и со препораките на Венециската комисија, со цел понатамошно зајакнување на транспарентноста и независноста на Советот, вклучувајќи ги нејзините членови.

15. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди средства за буџетот на Државната комисија за спречување корупцијата (ДКСК) за 2024 година за зголемување на бројот на обучен квалификуван персонал за најмалку пет лица.

16. Се задолжува Министерството за финансии да предвиди и обезбеди средства во буџетот на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција за 2024 година, за вработување најмалку 5 јавни обвинители и десет финансиски експерти.

17. Се задолжува Министерството за финансии да подготви подзаконски акти за спроведување на новиот Закон за спречување перење пари (СПП) и финансирање на тероризам, вклучувајќи даватели на услуги поврзани со виртуелни средства и да ги достави до Владата, најдоцна до 15 јуни 2024 година.

## <u>Точка 80</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Билатерален договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за кофинансирање на големиот проект „Изградба на нова железничка линија од Крива Паланка до граничниот премин со Република Бугарија, како дел од Коридор 8 во рамките на Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II)“, со текст на Билатерален договор (усогласени со Секретаријатот за законодавство) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Билатералниот договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за кофинансирање на големиот проект „Изградба на нова железничка линија од Крива Паланка до граничниот премин со Република Бугарија, како дел од Коридор 8, во рамките на Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II)“.

2. Се определува Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, во име на Владата да го потпише Билатералниот договор помеѓу Република Северна Македонија и Европската Унија за кофинансирање на големиот проект „Изградба на нова железничка линија од Крива Паланка до граничниот премин со Република Бугарија, како дел од Коридор 8, во рамките на Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II)“.

**Точка 81**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на Општина Делчево и Општина Крива Паланка, заради поплави и справување со последиците од нив, за период од 18 јули 2023 година до 19 јули 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 82**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за отуѓување на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, за наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања, имајќи ги предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за транспорт и врски, како и потребата од доставување на ново известување од Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи.

**Точка 83**

Владата ја разгледа Информацијата за исплата на пензии за јули 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија да ги достави податоците за пензиите до деловните банки, најдоцна до 28.7.2023 година.

2. Се препорачува на деловните банки да обезбедат пензионерите да може да располагаат со јулските пензии преку мрежата на банкомати и во трговската мрежа од 31.7.2023 година.

3. Се препорачува на деловните банки преку филијалите и експозитурите на банките да обезбедат готовинска исплата на пензии за клиентите кои не користат картички, во две групи, според следниот распоред составен според висината на пензијата:

- за пензии со висина до 14.000 денари, исплатата да се изврши на 31.7.2023 година (понеделник) и

- за пензии со висина над 14.001 денари, исплатата да се изврши на 1.8.2023 година (вторник).

**Точка 84**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за субвенционирање на каматата која произлегува од Финансискиот договор, наменет за финансирање на мали и средни претпријатија и средно пазарно капитализирани претпријатија и зелена транзиција склучен меѓу Европската Инвестициона Банка и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје (ЕИБ 7 кредитна линија)

и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на истата со Секретаријатот за законодавство и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

**Точка 85**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите (*), по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди мислења од надлежните институции, како и да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите (*), по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Данаил Каров, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 86**

Владата го разгледа текстот на Предлогот на закон за системот за проценка на лица со попреченост, го утврди како Предлог на закон кој се носи по скратена постапка и кој произлегува од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да обезбеди мислења од надлежните институции, како и да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за системот за проценка на лица со попреченост (*), по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерство за труд и социјална политика.

**Точка 87**

Владата го разгледа Предлогот на закон за регистар на задолжително социјално осигурување, по скратена постапка и го утврди како Предлог на закон кој произлегува од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да обезбеди мислења од надлежните институции, како и да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за регистар на задолжително социјално осигурување, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика и Јехона Рамадани, раководител на сектор во Министерство за труд и социјална политика.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за Деветтата конференција на страните потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутун на Светската здравствена организација, која се одржа од 8 до 13 ноември 2021 година и национални ставови во однос на претстојната Десетта конференција, која ќе се одржи од 20 до 25 ноември 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се определува Делегацијата на Република Северна Македонија, која ќе учествува и ќе ги застапува интересите на Република Северна Македонија на Десеттата конференција на земјите потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација (РККТ на СЗО), која ќе се одржи 20 до 25 ноември 2023 година, во Панама, во следниот состав: Ангел Митевски, државен советник во Министерството за здравство, за шеф на Делегацијата, Александра Ристовска-Евтимова, претставник од Министерството за здравство, за член на Делегацијата и Неда Груевска, претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за член на Делегацијата.

2. Се задолжуваат шефот и членовите на Делегацијата на сите форуми на Десеттата конференција, која ќе се одржи 20 до 25 ноември 2023 година во Панама, поврзани со имплементација на Рамковната конвенција за контрола на тутунот да земат збор и да ги изнесат националните позиции за определените членови од Рамковната конвенција за контрола на тутунот во согласност со оваа информација.

3. Се задолжуваат Министерството за здравство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, да ги покријат сите трошоци (патни трошоци и сместување), за учеството на Делегацијата на Десеттата конференција на земјите потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација (РККТ на СЗО), која ќе се одржи 20 до 25 ноември 2023 година, во Панама.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи по дипломатски канали да ја акредитира Делегацијата на Република Северна Македонија на Десеттата конференција на земјите потписнички на Рамковната конвенција за контрола на тутунот на Светската здравствена организација, која ќе се одржи од 20 до 25 ноември 2023 година.

*

*         *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16:40 часот.

**Заменик на генералниот секретар**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Претседател на Владата**
**на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**